# Апликација за пристап до електронско банкарство за правни лица независна од верзијата на Јава

Со цел да им овозможи на своите клиенти поедноставен пристап до сервисот за корпоративно електронско банкарство, Халкбанка АД Скопје обезбедува користење на посебна десктоп апликација-прегледник JxBrowser која е независна од верзијата на Јава и веќе инсталираните пребарувачи на клиентскиот компјутер.

1) За што служи?

-Овозможува алтернативен(поедноставен) начин за пристап кон сервисот за корпоративно електронско банкарство на Халкбанка АД Скопје.
-Притоа останува можноста, како и до сега, за користење на веќе постоечките интернет пребарувачи кои подржуваат Јава (Интернет Екплорер, Мозила).
-Апликацијата е наменета за Windows и Mac оперативни системи.

2) Како се инсталира?

-Инсталацијата е едноставна. Се клика на инсталацискиот линк и се презема инсталацискиот фајл launch.jnlp.
Со кликање на копчето ”Open” или двоен клик на фајлот launch.jnlp се инсталира пребарувачот и се отвара страната за пристап кон корпоративното електронско банкарство на Халкбанка. Притоа се поставува и соодветна икона на десктопот .

3) Предности

-Преку користење на оваа апликација, клиентот пристапува до сервисот за електронско банкарство за правни лица директно, независно од верзијата на Јава која ја има инсталирано на својот компјутер. Притоа не е потребно користење на друг интернет пребарувач (Интернет Експлорер, Мозила итн).

**Напомена:**
**И покрај тоа што апликацијата не бара најнови верзии , добра сигурносна пракса е да се инсталираат најновите верзии на Јава како и да се врши редовна надградба на интернет пребарувачите.**